# Критериуми за селекција

Критериумите за селекција на социјални претпријатија беа изработени и финализирани во тесна соработка со Корисникот, Министерството за труд и социјална политика, со цел да се користат во постапката за евалуација за избор на 10 социјални претпријатија на коишто ќе им се обезбеди индивидуализирана поддршка за време на спроведувањето на проектот. Основните критериуми што една организација/претпријатие мора да ги исполнува за да биде категоризирано како социјално претпријатие се утврдени врз основа на дефиницијата на ЕУ:

- *Организацијата мора да врши економска дејност*; што значи дека таа мора да врши континуирана дејност на производство и/или размена на стоки и/или услуги;
- *Мора да има експлицитна и примарна општествена цел*; онаа од која корист има општеството;
- *Мора да има ограничување во распределбата на добивката и/или средствата*; целта на таквото ограничување е да се даде приоритет на општествената цел наспроти создавањето профит;
- *Мора да биде независна*; организациска независност од државата и од други традиционални профитни организации;
- *Мора да има инклузивно управување*; карактеризирано со партиципативно и/или демократско одлучување.

## Квалификувани апликанти се оние што имаат некоја од следниве правни форми:

- **Здружение кое врши економска дејност**
- **Фондација која врши економска дејност**
- **ДОО (друштво со ограничена одговорност) основано од здружение или фондација**
- **Кооператива**
- **Давател на социјални услуги (или граѓанска организација или кооператива)**
- **Други форми на организации коишто ги исполнуваат горенаведените 5 критериуми за социјално претпријатие.**

**Критериумите за селекција и бодување се следниве:**

### 1. Трансформациска општествена промена

Социјалното претпријатие остварува транформациска промена во општеството и/или во полето на животната средина преку примена на иновативни и практични пристапи од кои придобивка има целото општество, со акцент на маргинализираните групи.

**a.** Апликантот вработува лица од загрозени групи (инвалиди, невработени, зависници, поранешни затвореници, бегалци, Роми, самохрани родители, итн.) ***мин. 5 – макс. 20 бодови***

- и/или е вклучен во обезбедување услуги од јавно добро/ услуги за лица од загрозени групи и/или услуги од областа на животната средина;
- граѓански организации коишто работат[1] со лица од загрозени групи на нивна општествена и професионална реинтеграција;
- Старт-ап иницијативи со иновативни општествени и бизнис идеи;

---

[1] Исто така, ќе прифатиме и социјални претпријатија коишто вршат економски дејности во рамки на проекти за рехабилитација, кои вклучуваа учесници во економски дејности за општествена реинтеграција не секогаш како платени работници.

**b.** Социјалното претпријатие-апликант треба да ги врши своите активности во соработка со други партнери, како што се локални самоуправи, приватни компании, граѓански организации, итн., и треба да придонесува за социјална кохезија во општеството преку градење локални партнерства. – ***мин. 5- макс. 20 бодови***

***c.*** Апликантот има иновативна идеја, на пр. нов производ или услуга; нов начин на производство или дистрибуција/ нови програми за рехабилитација. Редефинирање на некој постоен производ за маргинализираните групи; и/или нови организациски структури или модели на финансирање. ***мин. 5-макс. 20 бодови***

**2. Организациска одржливост – мин. 5 – макс. 20 бодови**

Апликантот треба да покаже способност за финансиска одржливост (ресурси генерирани преку продажба на сопствени производи, или обезбедување услуги или добра идеја за развој на претприемништво). Важно е апликантот да покаже деловен модел и/или активни модели за општествена и професионална реинтеграција на маргинализираните лица.

Организациите-кандидати кои на денот на поднесување на апликацијата имаат најмалку една година работно искуство треба да бидат во можност да го докажат своето работење со најмалку еден официјален годишен извештај кој ќе биде доставен заедно со апликацијата.

**Се прифаќаат и старт-ап иницијативи.**

**3. Докажано влијание во општеството и/или полето на животната средина – Додадена вредност**

Поради оваа причина, организациите-кандидати покрај тоа што треба да можат да ги докажат своите активности преку архивирани податоци и записи, треба и да објаснат како тие информации се користат во секојдневната работа. (Тоа треба да биде како некој систем за гаранција, и не мора да биде официјален, туку може да биде интерен, кој бил создаден и се користи за добивање на што е можно подобри резултати).

Кандидатот треба да може да објасни како пристапот на организација ја трансформира традиционалната практика со помош на податоците од мерењата на ефектот што се прибираат.

**4. Опсег и опфат – Додадена вредност**

Иницијативата на социјалниот претприемач се проширила надвор од изворната локација и била успешно приспособена на друга средина во земјата или во странство, а тоа го направил или самиот претприемач, или пак други лица кои направиле копија од неа или приспособиле некои нејзини елементи.

**5. Скалабилност - Додадена вредност**

Иницијативата била или пак може да биде приспособена на другите земји во регионот, со цел да помогне во решавањето слични проблеми.

Критериумите 3, 4 и 5 може да бидат премногу тешки за старт-ап иницијативите, така што во постапката за селекција, тие три ќе се третираат како критериуми на додадена вредност и претпријатијата што не ги исполнуваат нема да бидат елиминирани.

**6. Интервју – мин. 5 –макс. 20 бодови**

Презентација во кратки црти на организацијата, структурата и на активностите. Комисијата за евалуација може да има дополнителни прашања или да бара појаснувања поврзани со прашалникот. Интервјуто ќе се врши на англиски јазик.

- **Максимален вкупен број бодови при селекцијата на кандидати е 100.**
- **Сите квалификувани апликанти ќе бидат повикани на интервју.**
- **Доколку има повеќе кандидати со ист број бодови за критериумите од 1 до 5, тогаш ќе им бидат доделени дополнителни бодови на оние што за време на интервјуто имале подобра презентација на својата организација и на нејзиното општествено влијание, со што би се донела конечната одлука и би се утврдил конечниот список од 10 граѓански организации што би биле поддржани во рамки на проектот.**